**Д О:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА** С. **МАКЕДОНИЈА**

## ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ

Врз основа на членот 68, став 1, алинеја 2 од *Уставот на РМ* (1991); чл. 2 од *Законот за Собранието на РМ – Пречистен текст* (Сл. весник на РМ бр. 87/2023); чл. 14, ст. 1, ал. 3 од *Законот за пратениците* (Сл. весник на РМ бр. 84/2005 и 161/08, 51/11, 109/14, 140/18, 27/19); како и член 185 од *Деловникот за работа на Собранието на Република С. Македонија* (Сл. весник на РМ бр. 248/2023) – поднесувам Барање за давање автентично толкување на **членот 57, став 2 од Изборниот законик** („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024).

Збунувачкиот став (2) од **членот 57** на консолидираната и важечка верзија на ИЗ (2006) гласи: „Кандидат за претседател на Републиката, пратеник, кандидати за членови на совет и за градоначалник може да биде предложен самo во една листа".

Истиот, ваков каков што е, прави проблем при практичната примена, од причина што не е доволно јасно што се подразбира под тоа дека кандидатот може да биде предложен „**само во една листа**": Дали е тоа само во една листа поднесена од страна на различен субјект/ентитет кој е учесник на изборите (пр. партија, коалиција независна листа) или, пак, само во една листа поднесена од страна на истиот субјект/ентитет кој е учесник на изборите!?

Очигледно, спорната одредба **не е доволно јасна и допрецизирана** во однос на тоа дали истата се однесува на тоа предложениот кандидат за одредена функција од страна на одредена политичка партија, коалиција или независна листа, истовремено да не може да биде кандидат на друга избирачка листа за истата функција на друга партија/коалиција/независна листа; или, пак, се однесува на тоа дека во случај на Локални избори, каде што имаме избор на кандидати за два органа во општините (инокосен/Градоначалник и колегијален/Совет) – кандидатот не би можел да биде истовремено кандидат за член на совет и кандидат за градоначалник; или, пак, дека при истовремени т.н. двојни избори од различен тип (пр. претседателски и парламентарни) – кандидатот не би можел да биде истовремено и кандидат за Претседател на Републиката и кандидат за пратеник во Собранието на РМ?

***

Оттука, поради горенаведената здраворазумска дилема при граматичката и нормативна интерпретација, а заради доследна, уедначена и јасна примена на двосмисленава дубиозна одредба од посочениов закон, како и заради обезбедување на владеењето на правото, како темелна вредност на нашиот уставен поредок и на правната сигурност на граѓаните при остварување на нивното уставно загарантирано пасивно избирачко право (правото на вршење јавни функции“) – БАРАМ Собранието на Република Македонијада, во предвидените рокови и процедури, да даде **автентично толкување** на посочениов член од предметниот Законик, во насока на тоа дека ваквата законска норма не ги ограничува или спречува граѓаните во нивното неприкосновено субјективно право да се кандидираат паралелно и истовремено за повеќе изборни позиции, но само преку една потврдена кандидатска листа од еден ист овластен подносител.

.

С к о п ј е
6.03.2025

ПРАТЕНИК-ПОДНОСИТЕЛ:
*проф. д-р* ***Димитар Апасиев***

_________________________